Бр./Nr 12-227/6
15-07-2025 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 20-та седница одржана на ден 04.07.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-1931/1 од 16.07.2024 година, оформен по пријава во која се изнесени наводи против директорот на ЈЗУ Општа болница --------------------, ------------------------, поради тоа што на 01.11.2023 година, донел незаконски решенија за плата за административните службеници -----------------------, -----------------------, -----------------------, -------------------- и --------------------, со кои биле наградени со коефициент за раководење и одговорност, без истите да се распоредени на раководни работни места, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување во конкретниот случај, поради тоа што постапува друг надлежен орган кој презел соодветни мерки согласно закон.

Предметот со број 12-1931/1 од 16.07.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Државната комисија за спречување на корупцијата постапува по предметот со број 12-1931/1 од 16.07.2024 година, оформен по пријава во која се изнесени наводи против директорот на ЈЗУ Општа болница--------------, --------------, поради тоа што на 01.11.2023 година, истиот донел незаконски решенија за плата за административните службеници -----------------, ---------------------, ----------------,-------------- и ------------------ со кои биле наградени со коефициент за раководење и одговорност, без истите да се распоредени на раководни работни места.

Во насока на утврдување на фактичката состојба по предметот, Државната комисија побара од Државниот инспекторат за труд да изврши вонреден инспекциски надзор по однос на решенијата за плата, донесени од страна на директорот на Општа болница --------------- и истата да ја извести Државната Комисија со доставување на целокупната документација која ќе произлезе од постапувањето во предметниот случај.

На ден 17.01.2025 година, од Државниот инспекторат за труд доставено е Известување со прилог записник за извршен инспекциски надзор во ЈЗУ Општа Болница ------------ до ДКСК, во која е наведено следното:
1.Државниот инспекторат за труд, постапувајќи по Барањето за доставување на информации бр.12-1931/1 од 20.12.2024 година, доставено од страна на ДКСК, изврши инспекциски надзор во просториите на ЈЗУ Општа Болница ---------- и утврди дека директорот на ЈЗУ Општа Болница ----------, на ден 01.11.2025 година пристапил кон усогласување на Решенијата за плата со одредбите на Анексот за изменување и дополнување на Колективниот договор за здравствена дејност од 23 Мај 2023 година. Согласно одредбите на Колективниот Договор извршена е промена на Коефициентот на сложеност и следствено кон тоа работодавачот иврршил промени на коефициентите за сложеност во Решенијата за плата на лицата -----------------, ------------------, --------------------, ------------------ и -------------------, вработени чии Решенија за плати се предмет на надзорот. Испекторот при надзорот извршил компарација на стекнатите права на наведените лица со Решенијата издадени во Јуни 2020, а и со Правилникот за организација и систематизација на работните места, при што утврди дека работодавачот исправно постапил при усогласувањето на коефицинтот на сложеност, освен кај лицето ------------------, во кој случај без постоење на правен основ му определил Коефициент за раководење и одговорност во висина од 0,26, со што му е овозможено право на повисока плата.
Имено, согласно член 74 од Колективниот Договор за здравствена дејност(Сл.Весник бр.60 од 30.04.20210), на раководните работници и другите одговорни работници основната плата се зголемува со додаток по основ на раководење и одговорност од 0,26 за раководители на Дневна Болница и Раководител на Диспанзер,
Имајќи предвид дека ниеден од напред наведените работници не може да се категоризира во групата на раководители и одговорни работници, со што би го стекнеле правото на коефициентот за одговорност, ниту пак на било кој начин работодавачот извршил промена на статусот на одговорност во извршување на работните задачи, Државниот инспекторат констатира дека со донесените Решенија за плата е предизвикана штета од страна на одговорното лице на ЈЗУ Општа Болница --------------.
Поради горенаведеното, надлежниот инспектор донел Решение за изрекување на Опомена на работодавачот ЈЗУ Општа Болница --------------, со кое се наложува работодавачот да

донесе акт за поништување на донесените решенија и да донесе Решение за плата за горенаведените работници во согласност со закон и Колективен договор.
Исто така, поради целосно утврдување на фактичката состојба по предметот, ДКСК се обрати до Јавното Обвинителство на РСМ и побара да биде информирана, дали ЈОРСМ постапува по констатациите на записникот на Државниот инспекторат за труд.
На ден 23.04.2025 година, ЈОРСМ ја известил ДКСК дека е оформил кривичен предмет КО.бр.---/--------- против поранешниот директор во ЈЗУ Општа болница ------------ -------- и закажано е истражно дејствије за испитување на пријавениот за ден 07.04.2025 година како осомничен, имајќи во предвид дека кривичната пријава подносителот-СВР ---------, ја поднел без да прибави произнесување од пријавениот.

Имајќи го во предвид сето горенаведено, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување, поради тоа што постапува друг надлежен орган и оттаму одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

Заменик претседател
м-р Билјана Каракашова Шулев

Изготвил: м-р Ф.Ј.,советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д., Член на ДКСК